# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

**Службен гласник бр. 4/2023**
**10.03.2023 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Одлука за одземање на правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за одземање на правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **07.03.2023** година.

**Бр.09- 242/1**
**10.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 4 и член 64 став 1 од Законот за локална самоуправа ( Сл. весник на РМ бр.5/02 ) , член 11 став 2 од Законот за енергетска ефикасност ( Сл. весник на РСМ 32/20 и 110/21) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **07.03.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За одземање на правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа Одлука основачот Општина Неготино на ЈП за јавни паркиралишта „**ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО**“ Неготино ( во натамошниот текст – корисникот) му го одзема правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на општина Неготино.

**Член 2**

**Се одзема п**равото на користење на мрежата на јавно осветлување кое го сочинуваат:

- Приклучоци од категорија LV1.1- јавно осветлување светилки за улично осветлување , кои се определени како броила од категорија LV1.1 поставени во сите урбани и месни заедници на територијата на општина Неготино.

- Нисконапонска надземна и подземна мрежа за горенаведените броила.

Листата со местата на потрошувачка за приклучоците од ставот 1 на овој член е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Неготино по стапување на сила на оваа одлука да го раскине Договорот бр. 09-583/1 од 19.08.2022 со корисникот- **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“** Неготино со кој се регулирани меѓусебните права и обврски за доделеното право на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на општина Неготино.

**Член 4**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 08-460/5 од 27.06.2022 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-225/3**
**07.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година**

Се објавува **Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **07.03.2023** година.

**Бр.09- 242/2**
**10.03.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/02) и член 79, став 1, точка 50 од Статутот на општина Неготино (“Сл. Гласник на Општина Неготино” бр. 3/06,2/11,9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **07.03.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Неготино дава согласност за аплицирање со предлог Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година и за сопствено учество во истата врз основа на Јавен повик на Министерството за локална самоуправа,Биро за регионален развој ,објавен на 21 февруари 2023 година

**Член 2**

Советот на општина Неготино се согласува дека општина Неготино има обезбедено 58% од потребните средства за ко-финансирање во висина од **2.768.051,00** денари кои ќе бидат искористени за реализирање на предлог проектот **,,*Подобрување на инфраструктурата во с.Пепелиште, општина Неготино.***

**Член 3**

Вредноста на предлог проектот изнесува **4.768.051,00** мкд со ДДВ. Средствата за кофинасирање се обезбедени во буџетот на општина Неготино за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-225/4**
**07.03.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

## СОДРЖИНА

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 4/2023**

1. **Заклучок за објавување на Одлука за одземање на правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на општина Неготино**

2. **Одлука за одземање на правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на општина Неготино**

3. **Заклучок за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година**

4. **Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година**